РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"

Бр. 05-253/1

18. 05 2022 год.

ОХРИД

**ЈАВЕН ПОВИК**

Националната установа - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид, врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и 275/19) и Одлуката за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Владата на Република Северна Македонија бр.40-1112/1 од 16.02.2021 година („Сл.весник на РСМ" бр.42/21), објавува јавен повик за избор на правни лица кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирањ, преработка, рециклирање и уништување на отпад, за движни ствари кои немаат вредност, односно се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и истите не се користат од страна на Библиотеката.

Избраните правни лица на јавниот повик имаат обврска да извршат преземање на движните ствари, предмет на јавниот повик и истите да ги транспортираат како отпад на соодветен начин, согласно со законските прописи.

Движните ствари се наоѓаат во просторија во просторот кој го користи НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид, на ул.Македонски просветители бр.2, Охрид.

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица, кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, издадена од надлежен орган.

Лице за контакт во врска со јавниот повик: Милчо Јованоски, телефон за контакт 046/262-064, 075/337-010, електронска адреса biblioteka_ohrid@yahoo.com .

Подетални информации за движните ствари (листа на движни ствари) како и потребна документација во врска со јавниот повик може да се подигне лично од просториите на НУ - Библиотека „Григор Прличев" Охрид на ул.Македонски просветители бр.2, или електронски, преку следниот линк објавен на Веб страната на Библиотеката www.bibliotekaohrid.mk.

Краен рок за доставување на пријавите за учество е до 15,00 часот на 27-05-2022 година во архива или преку пошта на адреса: НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид, на ул.Македонски просветители бр.2, Охрид.

НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид
Директор,
Милчо Јованоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" * ОХРИД *